**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ 1 СКОПЈЕ**, како првостепен кривичен суд, во совет составен од судијата Даниела Алексовска-Стојановска како претседател на советот и судиите поротници Весна Пецевска Ботинова и Никос Томовски, како членови на советот, со записничар Јасмина Трбојевиќ Стојановска, постапувајќи по обвинителниот акт на ОЈО С. XXII КО.бр.3053/07 од 17.12.2010 година, прецизиран на записник за главен претрес од 13.11.2014 година и на записник за главен претрес од 25.12.2014 година, а чиј што интегрален текст ЈО го достави и со поднесок XXII КО.бр.3053/07 од 26.12.2014 година, поднесен против обвинетиот М.С. од С. за кривично дело – Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.3 в.в. со ст.1 в.в со чл.22 од КЗ и обвинетата М.Ј. од С. за кривично дело – Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.4 в.в. со ст.3 и ст.1 в.в со чл.22 од КЗ, а по одржаниот главен, јавен и усмен претрес, во присуство на ЈО во ОЈО Светлана Никодијевиќ Матевска, првообвинетиот М.С. со неговиот бранител Петре Цветанов, адвокат од С. и второобвинетата М.Ј. со нејзиниот бранител Ратко Георгиев, адвокат од С., на 13.03.2015 година година, ја донесе и јавно ја објави следната

**П Р Е С У Д А**

**ОБВИНЕТИТЕ:**

**1. М.С. со ЕМБГ ...,** од татко ..., мајка Елена, роден на ... година, во С., каде и живее на .../1-15, со завршено високо образование, вработен, разведен со две полнолетни деца, војска служел во Ниш, во воена евиденција се води во Карпош, Македонец, државјанин на РМ, не осудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

**2.М.Ј. со ЕМБГ ...,** од татко ..., мајка Марија, родена на ... година во С., каде и живее на .../2-9, со завршено високо образование, немажена, без деца, безимотна, Македонка, државјанин на РМ, не осудувана, не се води постапка за друго кривично дело.

**В И Н О В Н И  С Е**

**ЗАТОА ШТО:**

Во временскиот период од 26.01.2006 година до 29.08.2006 година во С., обвинетиот М.С. како службено лице - директор на ЈП Македонски железници С. и до 30.10.2006 година како помошник директор за економски работи на ЈП Македонски железници С. и обвинетата М.Ј. како одговорно лице – раководител на одделение за контрола на приходи на ЈП Македонски железници С., по претходен договор и во заедница, обвинетиот М.С. со пречекорување на границите на своето службено овластување како директор и со неизвршување на својата службена должност како помошник директор за економски работи, од обвинетата М.Ј. примил два налози за дофактурирање и тоа првиот од месец јануари 2006 година за извршени услуги по чл.7 од Договорот бр.3246 од

27.04.2005 година помеѓу ЈП Македонски железници С. како давател на превозни услуги на фирмата Duferco S.A. Lugano како корисник на превозни услуги, за извршени услуги во временски период од 01.04.2005 година до 31.12.2005 година, а како разлика помеѓу редовната и повластената цена, на износ од 365.102.04 евра и вториот налог за дофактурирање со бр.50500/27 од 05.04.2006 година, на износ од 453.836,32 евра, за истиот временски период за извршени услуги, а како разлика помеѓу редовната и повластената цена, со оглед да не било извршено плаќање во договорениот рок од корисникот на услугите, наместо претходниот налог, па обвинетиот постапил спротивно на чл.37 од Статутот, според кој што како директор бил овластен да го организира и раководи процесот на работа и работење на претпријатието и спротивно на чл.24 од Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места на ЈП Македонски железници С., според кој како помошник директор за економски работи требало да раководи со работата на Одделението за финансиски работи и Одделението за контрола на приходи, но наспроти тоа, истиот ги задржал двата налози за дофактурирање за да не се изготви фактура од Одделението за финансиски работи при ЈП Македонски железници С. и за да не се наплати истата од корисникот на услугите, а обвинетата М.Ј. со неизвршување на својата службена должност, постапила спротивно на чл.11 од Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места на ЈП Македонски железници С., според кој требало да извршува пресметка и контрола на директна наплата од домашни и странски транспортни друштва, но истата изготвените горенаведени два налози за дофактурирање потпишани од нејзина страна, не ги доставила до Одделението за финансиски работи при ЈП Македонски железници С., преку интерна доставна пошта – манипулант на ЈП Македонски железници С., туку ги дала на рака на обвинетиот Милчо Смилевски, со што обвинетите нанеле значителна штета на ЈП Македонски железници С. во износ од 453.836,32 евра во денарска противвредност од 27.684.015,52 денари, на начин што откако обвинетата М.Ј. во два наврати ги изготвила горенаведените два налози за дофактурирање, отишла во канцеларијата на директорот сместена во Дирекцијата на ЈП Македонски железници С., каде на рака на обвинетиот М.С. му ги предала двата налози за дофактурирање, наместо да ги предаде на Одделението за финансиски работи при ЈП Македонски железници С. преку интерната доставна пошта – манипулант, по кое обвинетиот М.С. примените налози за дофактурирање со приложената документација ги задржал за да не се спроведе постапка по истите, за да не се изготви фактура и наплата на истата од ЈП Македонски железници С. спрема Duferco S.A. Lugano, па откако бил разрешен како директор и по престанокот на функцијата помошник директор за економски работи, на 26.03.2007 година кога бил отворен ормарот од поранешната канцеларија на обвинетиот М.С., каде вршел работи како помошник директор за економски работи, бил пронајден налогот за дофактурирање од месец јануари 2006 година на износ од 365.102,04 евра, со нецелосна приложена документација, по кое од овластено вработено лице била изготвена и доставена до Duferco S.A. Lugano фактура бр.196-07 од 28.03.2007 година на износ од 453.836,32 евра, а кое плаќање било одбиено од Макстил С. поради кое за ЈП Македонски железници С., настапила значителна штета во износ од 453.836,32 евра, во денарска противвредност од 27.684.015,52 денари.

Со горните дејствија обвинетиот М.С. сторил кривично дело –

**Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.3 в.в. со ст.1 в.в со чл.22 од КЗ**, а обвинетата М.Ј. сторила кривично дело–**Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.4 в.в. со ст.3 и ст.1 в.в со чл.22 од КЗ**, па согласно цитираните одредби, како и одредбите од чл.4, 32, 33, 35, 39, 40, 41, 48, 48-а, 49 и 50 од КЗ, судот им изрекува алтернативна мерка:

**У С Л О В Н А О С У Д А**

Со која на обвинетите им утврдува казна затвор во траење од по **2-ДВЕ ГОДИНИ** и истовремено определува дека вака утврдената казна затвор нема да се изврши доколку обвинетите во рок од **5-ПЕТ ГОДИНИ**, сметано од правосилноста на пресудата не сторат ново кривично дело.

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** обвинетите М.С. и М.Ј. на оштетеното правно лице Македонски железници транспорт АД С. да го надоместат предјавеното имотно-правно побарување на име надомест на штета, во износ од 27.684.015,52 денари, во рок од 5-пет години, сметано од правосилноста на пресудата, во спротивно, согласно чл.49 ст.2 од КЗ, судот определува дека условната осуда ќе се отповика и утврдената казна затвор ќе се изврши.

Согласно чл.102 ст.2 од ЗКП, **СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** обвинетите на оштетеното правно лице Македонски железници транспорт АД С. да го надоместат предјавеното имотно-правно побарување на име надомест на штета, во износ од 27.684.015,52 денари, во рок од 5-пет години, сметано од правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување.

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** обвинетите, согласно чл.92 ст.1 од ЗКП, да ги надоместат трошоците на кривичната постапка, така што да платат износ од по 2.000,00 денари, на име паушален износ согласно член 89 став 2 точка 6 од ЗКП, кои да ги уплатат на жиро сметка на судот бр....95, сметка на буџетски корисник 2901000973, единка 631, корисник 10, приходна шифра 724132, програма 20, начин 2, примач Основен суд С. 1, депонент НБ на РМ, во рок од 15 дена сметано од правосилноста на пресудата, а под страв на присилно исполнение.